совет за етика во медиумите на македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 542-0306
14.12. 2015 год.
Скопје

14.12.2015г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Драган Цветковски за текстот "Пронајден лек за сида, рак и птичји грип...", објавен на 28.09.2015 година на интернет порталот на дневниот весник Вечер.**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

**Не се прекршени одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 28.09.2015 година, лицето Драган Цветковски поднесе жалба за текстот "Пронајден лек за сида, рак и птичји грип...", објавен на 28.09.2015 година на интернет порталот на дневниот весник Вечер. Во жалбата се наведува дека споменатиот текст е презентиран во категорија на регуларни вести, дека нема никаква индикација дека е "сатира" и дека насловот индицира сериозна содрина. Во жалбата стои дека никаде не постои информација дека текстот е преземен или напишан. Жалителот додава и дека наслови со сериозна содржина, кои во суштина не се сериозни, ги доведуваат во заблуда читателите и треба да се означат како "сатирични" или да се отстранат.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот на дневниот весник Вечер. Од Вечер не доставија одговор на наводите на жалителот.

Извршната канцеларија го презентира случајот за добиената жалба и спорниот текст и пред групата за поддршка на Алијансата на независни совети за етика во Европа (AIPCE), која е европска мрежа на саморегулаторни тела за печатените и електронските медиуми и побара мислење и од претставниците на советите за етика од другите земји.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е НЕОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид и чл. 5 од Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите на Комитетот на министрите на СЕ, каде се вели дека хумористичниот и сатиричниот жанр, на начин заштитен со чл. 10 од ЕКЧП, дозволува поголем

степен на претерување, па дури и провоцирање, под услов јавноста да не е доведена во заблуда со фактите.

Понатаму, Комисијата при своето одлучување ги зеде предвид и пресудите на ЕСЧП Каратас (23168/94) и Алинак против Турција (40287/98), каде се вели дека сатирата е форма на уметничко изразување и општествен коментар, а со своите инхерентни карактеристики на претерување и изобличување на реалноста природно цели кон тоа да провоцира и да агитира.

***

На седницата на 07.12.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Драган Цветковски, направи увид во наведениот текст и ги разгледа добиените одговори од претставниците на советите за етика од други земји.

Комисијата за жалби најде дека во текстот "Пронајден лек за сида, рак и птичји грип...", објавен на 28.09.2015 година на интернет порталот на дневниот весник Вечер станува збор за сатира.

Комисијата констатираше дека, и покрај тоа што насловот го наведува читателот да помисли дека можеби е пронајден универзален лек за наведените болести, на крајот од текстот стои реченица со која се посочува дека текстот е хумористичен.

Поради ова, Комисијата констатираше дека јавноста не е доведена во заблуда со фактите, па новинарот/медиумот го искористил правото дадено од чл. 5 од Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите на Комитетот на министрите на СЕ, каде се вели дека хумористичниот и сатиричниот жанр дозволува поголем степен на претерување, па дури и провоцирање, дотолку повеќе што во текстот се исмејува конкретен политички систем

совет за етика во
медиумите на македонија

(комунистичкиот на Северна Кореја) и тамошниот начин на политичко и пропагандистичко известување на медиумите за т.н. успеси на државниот систем.

Во согласност со пресудите на ЕСЧП Каратас (23168/94) и Алинак против Турција (40287/98), Комисијата ценеше дека сатирата е форма на уметничко изразување и општествен коментар, а со своите инхерентни карактеристики на претерување и изобличување на реалноста, природно цели кон тоа да провоцира и да агитира.

***

Сепак, Комисијата за жалби препорачува во иднина сатирата појасно да биде означена, посебно кога станува збор за чувствителни теми како, на пример, за малолетници, здравствени проблеми и слично.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири и Мери Јордановска.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595